**20212834478**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став 1 точка 8, а во врска со член 56 став 1 точка 3 и член 63-а, член 63-б и член 63-в од Законот за здравственото осигурување(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016,120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019 и 77/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2021 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2009, 138/2010 и 129/2018), во членот 17 став 5, по зборот „јачина“ се додаваат зборовите„ зависно од расположливите буџетски средства наменети за обезбедување на лекови за осигурениците на Фондот“.

Во членот 17 се додава нов став 11 кој гласи:

„Зголемување на референтни цени на лекови, за време на вонредни услови, кризни состојби, епидемии или пандемии на заразни болести, може да се врши зависно од расположливите буџетски средства за обезбедување на лекови за осигурениците на Фондот и приоритетите на Фондот“.

Член 2

Во членот 18 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок на став 1 од овој член, за време на вонредни услови, кризни состојби, епидемии или пандемии на заразни болести, усогласување на референтни цени на лекови може да се врши најмалку еднаш на две години“.

Ставовите 2 и 3 стануваат 3 и 4.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17824/2
10 декември 2021 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
**Дејан Николовски,** с.р.